Општинско основно училиште „Наум Охридски“

П Р А В И Л Н И К
ЗА ПОФАЛУВАЊЕ, НАГРАДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА

Септември, 2026

Врз основа на Член 72, 75, 76, 77, 78, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26 од Законот за основно образование и Правилникот за оценувањето, напредувањето, полагањето на испити, видовите на пофалби, награди на учениците во основното училиште и Статутот на ООУ„ Наум Охридски“ с. Булачани- Скопје,на седницата на Училишен одбор одржана на 29.09.2026 година е донесен следниот

ПРАВИЛНИК ЗА ВИДОВИТЕ ПОФАЛБИ, НАГРАДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА И НАЧИНОТ НА НИВНАТА ПРИМЕНА

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат видовите на пофалби, награди икритериуми за избор на првенец на генерација за учениците на ООУ„ Наум Охридски“ с. Булачани- Скопје, како и начинот на нивната примена.

II. ПОФАЛБИ И НАГРАДИ

Член 2

Учениците кои се истакнуваат со својата работа и поведение, кои покажале високи резултати во наставата и воннаставните активности, можат да бидат пофалувани и наградувани.

Член 3

Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивните особини кај учениците, се јакне вербата во сопствените можности и се дава признание за позитивните успеси во воспитно-образовната дејност.

Член 4

Пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка група, ученичка секција, екипа и паралелка во текот и на крајот на учебната година односно на денот на училиштето.

Член 5

Ученик се пофалува и наградува особено за:

- Залагање и напредување во наставата;
- Залагање и постигнат успех во слободните ученички активности; (натпревари, литературни, ликовни и други наградни конкурси, изложби, лични трудови и слично).
- Примерно поведение и позитивно однесување во училиштето и надвор од него;
- Залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.)

Член 6

Пофалби и награди се доделуваат на:

- паралелка која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски.

-група ученици, секција или екипа која постигнува особени резултати (прво, второ, трето место) на натпревари.

-паралелка, група или секција која постигнува особени резултати во определена активност во училиштето и надвор од него(производствени, хуманитарни, културни и др.)

Член 7

Пофалбите се доделуваат усно и писмено.

Пофалбите во усна форма ги доделува Одделенскиот односно Наставничкиот совет по предлог на одделенскиот наставник, предметниот наставник или училишната комисија.

Пофалбите во усна форма се соопштуваат јавно пред учениците во училиштето на начин што одделенскиот раководител ќе им ја соопшти пофалбата на ученикот на кого што истата се однесува и на другите ученици во одделението и другите паралелки во училиштето.

а) на ученикот му се доделува пофалба во **усна форма** за :

- редовно присуство на настава и кога истиот нема ниту еден изостанок
- дисциплинирано и примерно се однесува кон учениците и вработените во училиштето
- со своите постапки им помага на другите ученици и истиот им служи за пример

б) на ученикот му се доделува пофалба во **писмена форма** во вид на вид на диплома, пофалница или благодарница за :

- ако освои прво место на натпревар организиран на државно ниво и регионално ниво
- активно учествува во слободните ученички активности
- придонесува во остварувањето на разновидните активности во училиштето и локалната средина
- ако особено се истакнува со успехот и поведението
- со своите постапки дава пример за солидарност, хуманост и правичност.
- редовно се истакнува во исполнувањето на училишните обврски

Член 8

Писмените пофалби се даваат во вид на дипломи, пофалници и признанија. Наградите се даваат во вид на определени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книга, билети за филмска, театарска, спортска и друга културно - уметничка претстава, платен престој во некое детско одморалиште, платено учество за екскурзија, претплата на весници, списанија, ученички прибор, некој предмет и сл.)

Член 9

Предлог за пофалби и награди дава раководителот на паралелката, предметниот наставник или стручен соработник. Одлука за награда или пофалба донесува Комисијата за пофалби, награди, признанија составена од стручен соработник, двајца наставници од одделенска настава, двајца наставници од предметна настава и двајца ученици од ученичкиот парламент.

Член 10

Доделувањето на пофалбите и наградите се врши на свечен начин пред учениците од училиштето и родителите. За пофалбите и наградите се води писмена евиденција во училиштето.

Член 11

На крајот на секоја година се избира ученик на генерацијата.

Член 12

Од редовните ученици што го завршуваат основното образование (9 одделение), училиштето може да издаде диплома за првенец на генерација најмногу на тројца ученици.

Член 13

Постапката за избор на првенец на генерација почнува да тече по објавувањето со конкурс што се истакнува на веб страната на училиштето и огласната табла во училиштето.

Конкурсот се објавува во втората половина од месец мај и трае 7 работни дена.

Член 14

Номинацијата на кандидати за ученик на генерацијата и пофалени ученици може да произлезе од:

- одделенската заедница;
- одделенскиот раководител;
- предметен наставник кој реализира настава во таа паралелка;
- стручен соработник во училиштето;
- директор;
- ученикот сам да се кандидира.

Член 15

За првенец на генерација може да конкурира самиот ученик во временскиот рок определен во конкурсот. Право на учество имаат учениците од деветто одделение кои ги исполнуваат условите според критриумите за избор на првенец на генерација.

Член 16

Секој ученик - кандидат е должен до Комисијата за пофалби и награди да донесе пријава и документација наведена во конкурсот.

Член 17

Изборот за првенци на генерацијата и пофалени ученици го спроведува Комисија составена од седум членови:

- претседател на комисијата (предметен наставник кој предава или предавал во целата генерација, но не е класен раководител);
- членови:
  -предметен наставник на македонски наставен јазик - наставник кој предавал во целата генерација, кој не е класен раководител;
  - двајца одделенските раководители од генерацијата на македонски наставен јазик;
  -стручен соработник
  - двајца ученици од ученичкиот парламент.

Комисијата за пофалби и награди за избор на ученик на генерацијата и пофалени ученици се формира од страна на Наставничкиот совет најдоцна до месец мај, со мандат од една година.

Член 18

Комисијата за пофалби и награди ја разгледува целокупната документација на пријавените кандидати, ги применува одредбите од член 20 и 21 од овој Правилник, утврдува кандидатска листа за избор на ученик- првенец на генерација со бодовна листа и истата ја доставува до Наставничкиот совет.

Член 19

Одлуката за прогласување на ученик за првенец на генерација, ја донесува Наставничкиот совет на крајот на наставната година.

Член 20

За првенец на генерација може да биде прогласен ученик од деветто одделение кој ги исполнува следните критериуми:

- континуиран одличен успех во сите одделенија
- континуирано примерно поведение
- има освоено дипломи , признанија и награди на општинско, регионално и државно ниво
- се истакнал во работата на ученичките организации

- активно учествува во слободните ученички активности
- со своите постапки дава пример за солидарност, хуманост и правичност
- е редовен ученик во нашето училиште најмалку последните четири години од неговото образование.

КРИТЕРИУМИ НА ВРЕДНУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

Член 21

Стекнувањето бодови се врши според следните критериуми:

(Минималниот број на поени кој мора да го има секој кандидат е 78 поени, а максималниот број зависи од активностите во кои учествувал)

1. За континуиран одличен успех од 5.00 на крај на наставната година од IV до IX одделение се добиваат по 10 поени за секоја година

2. За примерно поведение на крај на наставната година од I до IX одделение 2 поени

3. За учество и освоено место на натпревари по наставни предмети што се изучуваат во основното училиште од акредитирани здруженија:

Ниво на натпревар	Број на бодови				
	Прво место	Второ место	Трето место	Пофалница	Учество
Училишен натпревар	5 поени	3 поени	1 поени		
Општински натпревар	10 поени	8 поени	6 поени	4 поени	2 поени
Регионален натпревар	13 поени	11 поени	9 поени	7 поени	5 поени
Државен натпревар	15 поени	13 поени	11 поени	9 поени	7 поени
Меѓународен натпревар	20 поени	18 поени	16 поени	14 поени	12 поени

4. За учество на натпревари од неакредитирани здруженија и сојузи, учество на конкурси за ликовни и литературни творби, музички настапи, драмско-рецитаторско или техничко творештво на кои ученикот го претставува училиштето:

Освоено место	Прво место	Второ место	Трето место	Пофалница	Учество
поени	5 поени	4 поени	3 поени	2 поени	1 поен

5. За учество на ученикот за **екипно натпреварување** како член од екипата која го претставува училиштето:

Ниво на натпревар	Број на бодови			
	Прво место	Второ место	Трето место	Пофалница/ Учество
Општински натпревар	8 поени	6 поени	4 поени	2 поени
Регионален натпревар	11 поени	9 поени	7 поени	5 поени
Државен натпревар	13 поени	11 поени	9 поени	7 поени
Меѓународен натпревар	18 поени	16 поени	14 поени	12 поени

6. За учество на **натпревари од различни наставни предмети:**

Број на предмети	од два наставни предмети	од три наставни предмети	од четири наставни предмети	од пет и повеќе наставни предмети
поени	5 поени	10 поени	15 поени	20 поени

Во оваа категорија влегуваат добиени награди од општинско, градско, регионално, државно и меѓународно ниво од акредитирани здруженија.

7. За пофалници/благодарници добиени за учество во воннаставни активности, извршување на одговорна улога во активностите на Ученичката заедница на паралелката, Ученичката заедница на училиштето и учество во проекти, на ученикот му се доделуваат по **2 поени**.

Член 22

При изборот на првенец на генерација се вреднуваат САМО дипломи, пофалници, благодарници и сертификати стекнати од натпревари што се под менторство на наставниците и извршиле афирмација на училиштето. Секоја награда што е стекната за лична афирмација НЕ СЕ ВРЕДНУВА.

Член 23

Резултатите во вид на предлог листа од изборот на првенец на генерација и пофалени ученици, се соопштува на Наставничкиот совет од стана на претседателот на комисијата.

Наставничкиот совет го потврдува изборот и донесува Одлука за првенец на генерацијата и пофалени ученици.

Титулата првенец на генерација ја добива ученикот кој ќе добие најмногу бодови.

Диплома за првенец на генерација се издава на најмногу на тројца ученици.

Член 24

Ученикот на генерација добива посебна диплома. Во зависност од финансиските можности на општината, училиштето и другите заинтересирани субјекти, на ученикот на генерација и на пофалените ученици им се доделуваат соодветни подароци.

Член 25

Директорот на училиштето на настан организиран по тој повод, ги доделува дипломите за учениците на генерација и пофалниците ученици.

Член 26

Учениците коишто не се прворангирани можат да поднесат приговор до Наставничкиот совет во рок од 3 дена од денот на усвојувањето на изборот на ученик на генерацијата и пофалени ученици од страна на Наставничкиот совет во писмена форма.

Член 27

Наставничкиот совет го разгледува приговорот и дава одговор по истиот во рок од 3 дена.

Член 28

Приговор и жалба на одлуката на Наставнички совет се поднесува до Училишен одбор
во рок од 3 дена.

Член 29

Одлуката на Училишниот одбор е конечна.

Член 30

Се пофалуваат и наградуваат и ученици за залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, литературни, ликовни и други наградни конкурси, изложби, лични трудови и др.)

Член 31

Пофалби и награди се доделуваат и на:

а) паралелка која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски.

Се пофалува и наградува една паралелка од I - V одделение и една паралелка од VI-IX одделение;

б) група, секција или екипа која постигнала особени резултати (прво, второ или трето место и сл.) на натпревари;

в) паралелка, група и секција која постигнала најдобри резултати во одредена активност организирана во училиштето и надвор од него (производствена, хуманитарна, културна и др.).

Член 32

Предлог за пофалби и награди даваат учениците, одделенскиот наставник, предметниот наставник и училишна комисија.

Предлогот се доставува во писмена форма со образложение до училишната комисија за пофалби и награди.

Училишната комисија за пофалби и награди предлогот го доставува до Одделенскиот совет, освен предлогот за првенец на генерација кој се доставува до Наставничкиот совет.

Член 33

Обврски на Комисијата запофалби и награди се да ги прими предлозите и да ги провери податоците од педагошката документација и евиденција за учениците што се предложени за наградување и пофалување и истите да му ги предложи на Одделенскиот совет еден месец пред изборот да го утврди видот на пофалбите и наградите и да ги предложи на Наставничкиот совет.

Член 34

Наставничкиот совет донесува одлука за видот на пофалби и награди.

Со одлуката на Наставничкиот совет за видот на пофалби и награди се запознава Советот на родители и Училишниот одбор.

Член 35

Одлука за пофалби и награди донесува Одделенскиот совет, освен одлуката за првенец на генерацијата која ја донесува Наставничкиот совет.

За одлуката Одделенскиот совет го информира Наставничкиот совет.

Член 36

За донесените одлуки на Одделенскиот совет и Наставничкиот совет се известуваат Советот на родители и Училишниот одбор.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 64

Овој правилник може да се менува, дополнува на начин и постапка како и при неговото донесување.

Член 65

Овој правилник влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување на огласна табла на училиштето.

Директор,

_____

М-р Елизабета Андова